

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## ЈУНИ 2024

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Макроекономските податоци во текот на последниот месец не забележаа значително подобрување, но сепак глобалниот раст се одликува со стабилност. Економијата во Еврозоната и Кина покажува знаци на заживување, но од друга страна, САД покажа одредено забавување на економската активност во првиот квартал од 2024 година. Глобалниот индекс MSCI ACWI во јуни оствари раст од 2,10%, со што приносот од почетокот на годината достигна 10,32%. Раст бележат и поголемиот дел од регионалните индекси. Најголем принос од 3,55% оствари MSCI Emerging Market индексот кој ги опфаќа брзорастечките економии, а веднаш по него следи американскиот индекс S&P 500 со принос од 3,47%, кој исто така е со најголем раст од почетокот на годината изнесувајќи 14,48%. Пад од 1,30% забележа европскиот индекс STOXX 600.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*




Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Позитивната низа на македонскиот берзански индекс МБИ 10 продолжи и во текот на јуни. Приносот изнесуваше 3,45% и од почетокот на оваа година достигна 25,97%. Главен двигател на овој месечен раст на индексот беа акциите на Комерцијална банка чија вредност порасна за 19,50% и значителни 52,53% во текот на изминатото полугодие, додека останатите акции кои се дел од неговата струкура не забележаа поголема месечна промена. Од друга страна, најголем пад оствария акциите на НЛБ Банка и Уни Банка кој изнесуваше 3,27% и 2,74%, соодветно. Од почекотот на годината со најслаб перформанс се одликуваат акциите на ТТК Банка кои имаат принос од 0,86%.




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ




Обврзничките приноси во јуни беа под влијание од очекуваните одлуки на ЕЦБ и ФЕД, но и на политичките случувања на европскиот континент. ЕЦБ го направи првото намалување на каматните стапки во изминатиот месец, а ФЕД се очекува да го следи истиот пример во текот на следново тримесечје. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница изнесувајќи 5,56%, додека најмала стапка на принос има јапонската обврзница, кој изнесува 1,06%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**
*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03/10/2028**




*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На девизниот пазар, руската рубља (RUB) повторно забележа зголемување на вредноста во однос на еврото, овојпат за 6,86% и е со најголем раст споредено со останатите од графичкиот приказ подолу. Раст остварија и другите валути со исклучок на јапонскиот јен (JPY) кои имаше нов пад на вредноста од 0,99% со што во оваа половина од годината има пониска вредност за 9,68%.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




*Извор: Блумберг*

Лектор: Каролина Накова

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk